Република Македонија
Агенција за храна и ветеринарство
Сектор за инспекциски надзор
Одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин

УП 8.5-4.4-11в04

# Упатство за начинот на плаќање на надоместок за граничните ветеринарни контроли на увозните или транзитните пратки на животни, производи, нус-производи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни

Скопје, декември 2017

СОДРЖИНА:

| | |
|---|---|
| 1.Предмет | 3 |
| 2.Област на примена | 3 |
| 3.Термини и дефиниции | 3 |
| 4.Одговорности и овластувања | 3 |
| 5.Опис на упатството | 4 |
| 6.Достапност | 10 |
| 7.Воведување на измени | 10 |
| 8.Архивирање | 10 |
| 9.Референтни документи | 10 |
| 10.Записи | 10 |

## 1.Предмет

Со ова Упатство се пропишува начинот начинот на плаќање на надоместок за граничните ветеринарни контроли на увозните или транзитните пратки кои подлегнуваат на проверка и преглед од страна на официјален ветеринар преку лиценцата АХВ-N640-Ветеринарен влезен документ за животни при увоз и транзит на живи животни, лиценцата АХВ-N853-Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло, како и за производи за исхрана на животни преку лиценцата АХВ-I047-Документ за ветеринарна проверка на продукти за исхрана на животни при увоз, во ЕХИМ системот.

## 2. Област на примена

Упатството се применува во Одделението за државна ветеринарна инспекција на Граничен премин. Упатството е наменето за официјалниот ветеринар на граничен премин, економските оператори/увозниците со/на производи од животинско потекло и живи животни, односно овластените од нив шпедитерски куќи и истото може да се превземе од веб страната на АХВ.

## 3. Термини и дефиниции

**АХВ** – Агенција за храна и ветеринарство
**EXIM** – Едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти
**ВИМ на ГП** - ветеринарно инспекциско место на граничен премин
**СУК**- систем за управување со квалитет
**ВВДП** - Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло
**ВВДЖ** - Ветеринарен влезен документ за животни
**ЕО** – економски оператори

## 4. Одговорности и овластувања

Активностите за спроведување на процесите се одговорност на раководителот на Сектор за инспекциски надзор, раководителот на Одделение за државна ветеринарна инспекција на граничен премин и официјалниот ветеринар на ветеринарно инспекциско место на граничен премин.

## 5. Опис на упатството

### 5.1 Општи одредби

Согласно Одлуката на Владата на Република Македонија, за висината на надоместокот за активности и официјални контроли за храна и храна за животни која се увезува во Република Македонијаи активности и официјални контроли за храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 45/14 и 51/14), висината на надоместокот за официјалните контроли при увоз и транзит на пратки со живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни, на ветеринарно инспекциско место на граничен премин (понатаму во текстот: ВИМ на ГП), даден во следниот Прилог 1, кој е составен дел од оваа одлука и гласи:

(1) Висината на надоместокот за официјални контроли при увоз на пратка со месо, риби и производи од риба, производи и нуспроизводи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни изнесува:
- 3.400 денари за пратка до шест тони, а за секоја натамошна започната тонажа уште по 550 денари до 46 тони;
- 25.800 денари за пратка над 46 тони.

(2) Висината на надоместокот за официјални контроли при увоз на пратка со живи животни:
1) од видовите говеда, коњи, свињи, овци, кози, живина, зајаци, мала перната дивеч, низок копнен дивеч, копнени цицачи од видот диви свињи и сите видови на диви преживари, изнесува:
   - 3.400 денари за пратка до шест тони, а за секоја натамошна започната тонажа уште по 550 денари до 46 тони;
   - 25.800 денари за пратка над 46 тони.
2) од други видови изразен на увезено животно или тон, изнесува:
   - 3.400 денари за пратка до 46 тони;
   - 25.800 денари за пратка над 46 тони.
3) од видовите кучиња, мачки, мајмуни и други припитомени диви животни коишто припаѓаат на золошки градини и циркуси изразен на увезено животно или тон, изнесува:
   - 3.400 денари за пратка до 46 тони;
   - 25.800 денари за пратка над 46 тони.
4) од видовите кучиња, мачки, мајмуни и други припитомени диви животни изнесува 200 денари по животно.

(3) Висината на надоместокот за официјалните контроли при транзит на пратка со живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни низ Република Македонија изнесува 1850 денари за пратка,

зголемено за 1200 денари на секои 30 (триесет) минути за секој вработен во надлежниот орган вклучен во контролите.

### 5.2 Законодавство

Одлука на Владата на Република Македонија, за висината на надоместокот за активности и официјални контроли за храна и храна за животни која се увезува во Република Македонијаи активности и официјални контроли за храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата (“Службен весник на Република Македонија„ бр. 45/14 и 51/14), поконкретно во Прилог 1 кој е составен дел на оваа одлука, дадени се висината на надоместокот за службените контроли при увоз и транзит на пратки со живи животни, производи и нуспроизводи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни, на ветеринарно инспекциско место на граничен премин, која се увезува во Република Македонија.

### 5.3 Постапка на уплата на надоместок за граничните ветеринарни контроли

Уплатата на надоместоците за извршените гранични ветеринарни контроли при увоз и транзит на пратки производи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни, се врши со пополнување на налогот за јавни приходи-образецот ПП 50 и може да се изврши на три начини:

- **Во хартиен облик /на шалтер во банка или пошта и**
- **Во електронски облик преку интернет (е-банка).**

Во случај кога горенаведените можности за наплата се оневозможени ќе се користи следниот начин на наплата:

- **Преку пост терминалите поставени на граничните премини**

### 5.4 Насоки за пополнување на налогот за јавни приходи-образецот ПП 50 (види пример 1):

Во рубриката:

- ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ-ЗАДОЛЖУВАЊЕ:

**Задолжително се пополнува еден од следниве податоци:**

1. **Единствениот број/референтен дигитален број на сметка** под кој се регистрира барањето за извршување на ветеринарно инспекциски надзор на ВИМ на ГП, во архивата на ветеринарното инспекциско место на граничниот премин (ВИМ на ГП) преку Главниот информационен систем за гранична ветеринарна инспекција за што се издава соодветна сметка и му се дава на лицето одговорно за пратката; или

2. **Единствениот референтен број под кој се регистрира** барањето во едношалтерскиот систем EXIM, кој се добива автоматски од системот (се состои од 18 цифри).

Во рубриката:
- ЦЕЛ НА ДОЗНАКА:

**Задолжително се пополнува дека дополнителните надоместоци се однесуваат за гранична ветеринарна контрола за пратки од увоз или за пратки при транзит.**

Во рубриката:
- ИЗНОС:

**Се пополнува вкупниот износ на уплата по основ на надоместоци за извршените гранични ветеринарни контроли при увоз и транзит на пратки.**

- НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ-**БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
- БАНКА НА ПРИМАЧОТ-**НАРОДНА БАНКА НА РМ**
- СМЕТКА**- единствена трезорска сметка 100000000063095**

- УПЛАТНА СМЕТКА **– 840 XXX 06184 (во ххх се внесува ознаката на општината** согласно списокот на општини со ознаки во Република Македонија, објавен во Прилог 2 од Упатството за дополнување на упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на РМ бр.114/09) соодветно превземени во Табела 1. на ова Упатство.

-ПРИХОДНА ШИФРА- **724127 ПРОГРАМА 00**

Пример 1.:



НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или (ЕМБГ)

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА
Надоместок за гранични ветеринарни контроли за пратки
од увоз или пратки транзит

ПОТПИС

ПРИМАЧ

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ
БУЏЕТ НА РМ

БАНКА НА ПРИМАЧОТ
НАРОДНА БАНКА НА РМ

СМЕТКА
1 0 0 0 0 0 0 0 0 0 6 3 0 9 5

ИЗНОС
МКД

УПЛАТНА СМЕТКА
840 XXX 06184

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА
724127 00

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

образец ПП50

Табела 1.

СПИСОК
НА ОПШТИНИ СО ОЗНАКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

| Реден број | Назив на општината | Ознака на општината |
|---|---|---|
| 1 | Арачиново | 101 |
| 2 | Берово | 102 |
| 3 | Битола | 103 |
| 4 | Богданци | 104 |
| 5 | Боговиње | 105 |
| 6 | Босилово | 106 |
| 7 | Брвеница | 107 |
| 8 | Валандово | 108 |
| 9 | Василево | 109 |
| 10 | Вевчани | 110 |
| 11 | Велес | 111 |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Виница | 112 |
| 13 | Вранештица | 113 |
| 14 | Врапчиште | 114 |
| 15 | Гевгелија | 115 |
| 16 | Гостивар | 116 |
| 17 | Градско | 117 |
| 18 | Дебар | 118 |
| 19 | Дебарца | 119 |
| 20 | Делчево | 120 |
| 21 | Демир Капија | 121 |
| 22 | Демир Хисар | 122 |
| 23 | Дојран | 123 |
| 24 | Долнени | 124 |
| 25 | Другово | 125 |
| 26 | Желино | 126 |
| 27 | Зајас | 127 |
| 28 | Зелениково | 128 |
| 29 | Зрновци | 129 |
| 30 | Илинден | 130 |
| 31 | Јагуновце | 131 |
| 32 | Кавадарци | 132 |
| 33 | Карбинци | 133 |
| 34 | Кичево | 134 |
| 35 | Конче | 135 |
| 36 | Кочани | 136 |
| 37 | Кратово | 137 |
| 38 | Крива Паланка | 138 |
| 39 | Кривогаштани | 139 |
| 40 | Крушево | 140 |
| 41 | Куманово | 141 |
| 42 | Липково | 142 |
| 43 | Лозово | 143 |
| 44 | Маврово и Ростуше | 144 |
| 45 | Македонски Брод | 145 |
| 46 | Македонска Каменица | 146 |
| 47 | Могила | 147 |
| 48 | Неготино | 148 |

| | | |
|---|---|---|
| 49 | Новаци | 149 |
| 50 | Ново Село | 150 |
| 51 | Осломеј | 151 |
| 52 | Охрид | 152 |
| 53 | Петровец | 153 |
| 54 | Пехчево | 154 |
| 55 | Пласница | 155 |
| 56 | Прилеп | 156 |
| 57 | Пробиштип | 157 |
| 58 | Радовиш | 158 |
| 59 | Ранковце | 159 |
| 60 | Ресен | 160 |
| 61 | Росоман | 161 |
| 62 | Старо Негоричане | 162 |
| 63 | Свети Николе | 163 |
| 64 | Сопиште | 164 |
| 65 | Струга | 165 |
| 66 | Струмица | 166 |
| 67 | Студеничани | 167 |
| 68 | Теарце | 168 |
| 69 | Тетово | 169 |
| 70 | Центар Жупа | 170 |
| 71 | Чашка | 171 |
| 72 | Чешиново и Облешево | 172 |
| 73 | Чучер Сандево | 173 |
| 74 | Штип | 174 |
| 75 | Аеродром | 175 |
| 76 | Бутел | 176 |
| 77 | Гази Баба | 177 |
| 78 | Ѓорче Петров | 178 |
| 79 | Карпош | 179 |
| 80 | Кисела Вода | 180 |
| 81 | Сарај | 181 |
| 82 | Центар | 182 |
| 83 | Чаир | 183 |
| 84 | Шуто Оризари | 184 |
| 85 | Град Скопје | 185 |

## 6. Достапност

- Менаџер за квалитет, сите вработени во АХВ, како и целата јавност, затоа што истото се објавува на официјалната веб страна на АХВ.

## 7. Воведување на измени

/

## 8. Архивирање:

Архивирањето се врши согласно Процедурата за управување со документи, процедурата за управување со записи, планот за архивски знаци на АХВ и Законот за архивски материјал (Сл. Весник на РМ број 95/12, 41/14, 72/15, 148/15, 169/15).

## 9. Референтни документи

Одлука на Владата на Република Македонија, за висината на надоместокот за активности и официјални контроли за храна и храна за животни која се увезува во Република Македонија и активности и официјални контроли за храна и храна за животни која се произведува и става во промет како и начин на нивна наплата, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 45/14 и 51/14), поконкретно во Прилог 1 кој е составен дел на оваа одлука.

## 10. Записи

/

**в.д Директор,**

**Зоран Атанасов**

Изработил: Марија Маневска, Советник
Контролирал: Милан Тошевски, Раководител на одделение
Одобрил: Ванчо Новоселски, в.д. Раководител на сектор

Упатство за начинот на плаќање на надоместок за граничните ветеринарни контроли на увозните или транзитните пратки на животни, производи, нус-производи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни

